# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Второто продолжение на Шеесет и деветтата седницана Собранието на Република Македонија, одржана на 24 април 2001година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господин Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ве молам да утврдиме точен број на пратеници за да можеме да продолжиме со 69-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Вангел Симев ме извести дека од оправдани причини не може да присуствува на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ве молам вклучете го системот.

Констатирам дека се исполнети условите за работа, со тоа што има присутни 74 пратеници во салата.

Собранието ќе може полноважно да одлучува.

Колеги пратеници во договор со претседателот на Собранието побара од мене да извршиме една промена во ритамот на работењето на седницата на тој начин што ќе ги разгледаме точките од 29 до 40. Тоа се персоналните одлуки кои треба да ги донесе ова Собрание.

Овој предлог на претседателот на Собранието го ставам на гласање.

Дали ќе можеме да го промениме редот. Ве молам, да гласаме.

Гласале 68 пратеници од кои 54 за, 5 против и 9 воздржани.

Ве молам, гласањето го соопштив како е гласано, деловнички се јавува господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, не знам дали има смисла сега по свадба тапани, бидејќи вие избрзавте, ние баравме збор. Нелогичен е вашиот предлог кој викате дека е предлог на претседателот на Собранието.

При утврдување на дневниот ред по итна постапка утврдувавме дополнување на дневниот ред. Итноста е многу важна и битна доколку е загрозена безбедноста или економскиот развој. Тука е министерот за финансии кој бараше и ни објаснуваше. Од страна на претседателот на Комисијата за избори и именувања и ние имавме писмено барање кое овој Парламент не го прифати. Нелогично е и не знам која е потребата за вакво изменување на дневниот ред кога претставниците на Владата се тука. Историјата на оваа седница е позната. Не заседававме, бидејќи немавме претставници на Владата. Дали законите, Царинскиот закон, Законот за готовинските плаќања, за државни службеници, за акцизи кои влегуваат во сила за да можат да влијаат се изменија така економските односи во државата што Владата прво за вашето гласање требаше да ја прашате Владата, бидејќи под итно ги дополнувавме.

Сега не знам кои се причините а ќе дојдат и тие точки и тие се важни и битни, но 10 или 12 точки ги дополнивме како итни, па би сакал претставникот на Владата да го слушнеме доколку смета дека можеме да расправаме по овие точки ден - два, немојте да мислите дека и тие нема да предизвикаат интерес, тие се персонални во секој случај, па доколку претставникот од Владата смета дека овие точки не бараат итност, тогаш би предложил, доколку може, овие да ги симнеме, бидејќи половина од точките ги немаат гледано работните тела. Вие согласно Деловникот знаете кога се утврди итноста на предлог на претседателот и на одреден пратеник се задолжуваат барем матичните работни тела, ЗПК и доколку се потребни финансиски средства, би го потсетил и министерот за финансии знае каков е Законот за извршување на Буџетот, секое ново зафаќање кое не е предвидено во Буџетот нема да предизвика дејствие мислам на ништавно дејствие, сите овие закони произведуваат дејствија на макро економски план во Република Македонија, на микро економски план во однос на граѓаните, во однос на остварување на целокупната финансиска политика.

Не знам дали вие го спроведовте гласањето, но претставникот на Владата треба да даде свое мислење како би можеле да работиме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Точно е дека министерот се јави пред гласањето, оваа забелешка ја примам, повелете г. министер.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ако пред неколку дена оценивме дека прашањата се итни тоа значи дека се

итни. Веројатно не очекувавте да кажам дека не се итни денеска после 4 - 5 дена откако кажав дека се итни. Не ја знам оправданоста зошто се оди на сосеме различен дневен ред, можеби има некоја многу логична оправданост па не ја слушнавме. Според мене, овие точки веќе 4 - 5 месеци чекаат и доаѓаат во една критична фаза дали цели реформи на платен промет, на воведување на ред во готовинското плаќање итн. треба да се одложат, некои ќе се одложат само прашањето е колку. Еве кај готовинското плаќање ќе видите дека ќе одиме на мало одложување, времето не значи, едноставно 5 месеци чекаме Парламентот да расправа за овие точки, нека ги одбие, ако треба, но да расправа. Накратко речено уште еднаш го потврдувам моето мислење дека Парламентот треба да ги разгледува прво точките од економска природа освен ако нема некое многу логично објаснување кое Парламентот би го прифатил за поинакво решение. Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам г. министер.

Јас се извинувам направив еден превид побрзав од она што требаше помалку да брзам, се договоривме со претседателот така да биде, меѓутоа, причините поради кои се утврди дневниот ред се појаки од нашиот договор и продолжуваме по утврдениот дневен ред.

Процедурално г. Љубисав Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Ова гласање треба да се поништи. Со гласање да се поништи гласањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако е формално да го повлечеме, но да гласаме повторно, јас констатирав дека направив превид пред да го слушнам министерот, го уважив како оспорено и мислам дека не треба да се гласа. Но, за да нема приговор ве молам да се прегласа во однос на мојот прв предлог да се измени редоследот.

Ве молам да гласаме.

Ве молам имаше предлог од г. Љубисав Иванов - Ѕинго ова гласање што го спроведовме пред да го слушнеме зборот на министерот да се прегласа дали ќе останеме на него или не. Затоа реков да не правиме непотребни непријатности околу водењето на седницата, повторно побарав да се гласа по мојот предлог. Кој е за да се измени редоследот, а кој е против.

Ве молам, да гласаме.

Гласале 64 од кои за 9, воздржани 5, против 50 пратеници.

Значи, мојот предлог за измена на дневниот ред не се прифаќа.

Продолжуваме по точките од дневниот ред.

Минуваме на втората точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на царинскиот закон.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Од 71 присутен, гласале 60 од кои 58 за, 1 воздржан и 1 против.

Ве молам да ги преброиме присутните.

(Службите ги пребројуваат пратениците). (Има 63 пратеници).

Гласањето е исправно, присутни се 63 пратеници што значи дека Законот е прифатен.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

Минуваме на третата точка - Предлог на закон за регистрирање на готовинските плаќања.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сосема кратоk увод и образложение. Со овој закон се воведува задолжително користење на т.н. фискални машини кои треба да го регистрираат прометот на мало и да дадат поголеми можности на даночната администрација во било кое време да изврши контрола на такво нешто.

Овој тип на работење е прифатен во речиси сите земји во Централно -Источна Европа и во најголем дел од нив дава добри резултати. Ние сме една од последните држави што прифаќа еден ваков тип на фискални машини кои машини се со фискален чип и кои овозможуваат, уште

еднаш ќе повторам поголема контрола во кеш работењето односно поголема контрола на плаќањето на даноците.

Тоа би било, само да најавам заради тоа што овој закон е влезен во собраниска процедура во ноември минатата година планот беше до март да поминат двете фази, што е некоја логична замисла, но поради тоа што не постоеја можности да биде разгледан во меѓувреме, Владата побара да оди во една фаза, инаку беше планирано во две и најверојатно поради големото доцнење за разгледување на Парламентот најавувам дека ќе прифатам амандман, она што е наведено во законот дека имплементацијата на првата фаза ќе почне од 1 јуни, има амандман кој ќе го прифатиме да почне од 1 август за да можат компаниите кои ќе работат во целата работа или ќе користат такви машини навреме да се подготват без особено брзање. Ви благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине министер.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 8 став 1, член 18 и член 24 алинеја 1, 2 и 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Михајло Георгиевски поднесе амандман на член 3 став 2 алинеја 3 и за одредување нова алинеја 4 по алинеја 3, по кој предлог Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на Законот.

Продолжуваме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 18, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на Предлогот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 алинеја 1, 2 и 3, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на Предлогот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 алинеја 3 и за додавање нова алинеја 4 по алинеја 3, поднесен од пратеникот Михајло Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, бидејќи тоа досега не го сторил.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е во состав на предложениот текст на законот.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме. (60 пратеници).

Ги молам службите да ги пребројат присутните во салата за да можам да го прогласам резултатот од гласањето. Пак 60 пратеници.

Господа, претходното гласање ќе го повториме, бидејќи ново влезениот пратеник го зголеми кворумот.

Ве молам повторно да гласаме. (Истото се повтори).

Ги молам службите пак да ги пребројат.

Констатирам дека во салата е присутен 61 пратеник и покажаните резултати од гласањето зборуваат дека за предлогот на законот гласале 56 пратеници, 2 се воздржале од гласање и 2 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот регистрирање на готовинското плаќање.

Продолжуваме понатаму.

Преминуваме на четвртата точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Предлогот на закон Ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ќе дадам кратко образложение. Се работи за не многу големи промени во овој закон. Министерството за финансии и Заводот за платен промет во преструктуирањето на Заводот за платен промет и на платниот систем во Република Македонија, меѓу другото, основаат институција која ќе биде централен депозитар за хартии од вредност, која ја има во сите држави, вклучително во западниот свет и во источниот свет.

Овој закон го потпомага вистинското имплементирање на Централниот депозитар на хартии од вредност, ги зголемува казнените одредби во случај на непочитување на овој Закон. Искуствата особено од источните држави покажуваат дека при примената на овој закон се правени обиди за негово одбегнување, од таа причина одиме на заштитување на казнените мерки во случај на избегнување на исполнување на обврските што произлегуваат од овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Предлогот на законот и законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Од присутните гласале 62, 58 за, 3 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Преминуваме на петтата точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор.

Има збор министерот за правда Џевдет Насуфи.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Владата денес предлага измени и дополнувања на Законот за државни службеници од една проста причина што земјата веќе влегува во длабоки реформи на администрацијата во смисла на градење на нов систем на државна служба. Во тој систем секако Агенцијата за државни службеници е централна фигура и во тој контекст во една тесна стручна соработка со Светската банка настојуваме таа Агенција да се доведе до статус на државен орган, а не како што е првобитно со досегашното решение како самостоен државен орган. Тоа е во смисла што веќе е предложено директорот на Агенцијата натаму да биде поставуван од страна на Парламентот, како и неговиот заменик, што секако ја потврдува неговата значајна улога во државната служба, а во исто време во градењето на системот на државна служба Агенцијата да има повеќе надлежности, особено во сферата на донесувањето на подзаконските акти.

Тоа е основната наша определба заради која се определивме за измена на овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г. Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседател, почитувани пратеници, точно е дека Законот за државни службеници е дел од реформата на јавната администрација и како такво ние го поддржуваме. Тоа е во овој период и мое мислење и колку ја спроведуваме реформата, во практиката тој треба да се надоградува, со цел да ја остварува својата основна цел која е зацртана во стратегијата за реформа за јавната администрација, како еден сегмент од пакетот на закони, Законот за Влада, Законот за организација и функционирање на органите на државната управа. Во таа смисла е добро што се сфаќаат одредени укажувања кои беа дадени во самата расправа, дури и полемични укажувања на работните тела во однос на функцијата, статусот на Агенцијата за државни службеници.

Со овие измени сигурно треба да го поддржиме тој дел, директорот на Агенцијата за државни службеници да го

избира Собранието на РМ, како и неговиот заменик, од аспект на негово деполитизирање, но сметам дека ова е постфестум. Вие знаете дека во реформата и стратегијата во јавната администрација се направи голем број на грешки. Во основа ние укажувавме на тоа, во смисла што прво се отпуштаа работници од работа по политичка основа, се менуваа законите и сега се зајакнува таа улога. Малку е нефер и делот на зајакнување на директорот, кој се предлага сега со овие измени на законот, фактички, бидејќи го избира Собранието директорот на Агенцијата за државни службеници не може да се промени во делот на зајакнување на неговите позиции, освен оние фрази кои ги имаме во делот на Законот за јавниот обвинител, нестручно и несовесно вршење, тоа значи тоа е добро но ако не се делува од политички аспект.

Што е најбитно во спроведувањето на реформите и во овој дел.

Владата на крајот сфати дека реформите во јавната администрација не се сведува на просто отпуштање на работници. Најновите укажувања и преговорите со Светската банка и од министерството сметам дека тоа е вистинскиот пат. Прво треба да се види што е она што е суштинско, што е несуштинска дејност во функционирање на јавната администрација и сметам дека со комерцијализирање и приватизирање ќе се дојде до крајната цел, а тоа е да имаме ефикасна и мала државна управа, а не со политички чистки, отпуштања и остварувања на правата.

Би сакал да укажам дека Владата особено во последниот Закон под притисок на ММФ, врз основа на одредени сознанија ги изврши своите обврски кои беа и за 24 плати и за 12 плати, но немаше никакви критериуми. Сегашните наши анализи, како опозиција, морам да истакнам дека и покрај сите критериуми, социјални критериуми, дури и луѓе кои во своето семејство немаат вработен се отпуштаат луѓе, особено со Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи. Тоа особено се однесува на подрачните единици, луѓе кои припаѓале на опозициони партии, или биле симпатизери на опозициони партии. Дури се случуваше во исти градови, во исти подрачни единици денес да му се достави решението со 12 месечни испратнини, другиот ден да биде примен.

Во тој дел сакам да кажам нешто, тука е претставникот на Владата и министерот за правда и да расчистиме некои односи. Во поглед на таканаречената одлука инкогнито или тајна одлука на Владата, која во последен момент произлезе од Законот за извршување на Буџетот, бидејќи Владата на РМ има забрана за примање на нови вработени во сите сегменти на јавната администрација, спротивно на сите позитивни закони, доколку тоа не го определат претходно Министерството за финансии, што е логично согласно Законот за извршување на Буџетот, дали ќе определи средства односно дали има средства за нови вработувања. Врз основа на така добиена дозвола, Кабинетот или канцеларијата на премиерот на РМ дава согласност. Тоа важи и за единиците на локалната самоуправа, каде што Владата нема никакви надлежности и мислам дека Владата, министерот за правда, бидејќи уставната положба на единицата на локалната самоуправа е автономна, Владата односно државата го контролира Буџетот на единицата на локалната самоуправа врз основа на ограничување на јавната потрошувачка. Се наоѓаме во состојба и во јавни комунални претпријатија дури по промената на раководните структури да не можат да ги пријават своите директори, што е апсурдна состојба. Што се случува? Се случува во подрачните единици на Заводот за вработување да одат и да му кажат дека имаме наредба која не може да се оспори на Уставен суд, а колку што ми е познато не е ни објавена се прават напори, но не функционира. Дали Владата го попречува функционирањето на локалната самоуправа или не, тоа не можам да го кажам но оваа прилика сакам да ја искористам да го расчистиме ова прашање, бидејќи не можат да се применат никакви правни лекови. Државата согласно Уставот нема надлежност, ја контролира јавната потрошувачка, ги ограничува буџетите, но новите вработувања се надлежност на единиците на локалната самоуправа или ова е политичка мерка за онаму каде што победи опозицијата да не може да ја остварува својата функција на локална самоуправа, а каде што победи позицијата преку институтите на Министерството за финансии и на Владата ја остваруваат својата функција, што не е вред.

Ставот на пратеничката група за овој закон, врз основа на овие решенија е дека сигурно доведува до надградување и би го поддржале, но тоа ќе зависи од изјаснувањето на министерот за правда во поглед на поднесените амандмани. Доколку одредени амандмани бидат прифатени, особено амандманот кој го поднесуваат координатори на пратенички групи од

опозицијата, во однос на ограничување на функционирање на органите на државната управа и државните службеници во услови на штрајк. Сметам дека тоа е регулирано со други акти односно свесни сме во каква состојба дојдовме во однос на штрајкувањето при органите на управата и Синдикатот на органите на управата. Немојте да се доведеме во состојба да дојдеме во судир со меѓународните акти за синдикалното здружување. Има одредени амандмани, предлагачите ќе ги објаснат, во однос на ограничувачки права или одредени права со тоа што на министерот за правда му се дава исклучиво право да определува во кој обем ќе работат органите, со кои вработени, фактички целосното право на штрајк се префрла во рацете на извршната власт и на министерот.

Исто така, има одредени амандмани со кои се прави обид одредени -видете ние кога го донесувавме Законот за државните службеници, кажавме кои службеници спаѓаат во членот 1, службеници во сите институции основани од Владата, Агенции и слично и проблемот е тука што сакам јасно и конкретно да го кажам последното. Треба да имаме цврсти аргументи во однос на амандманот кој се предлага да се извлече Народната банка од системот на државни службеници. Тој амандман доколку има поткрепа, доколку се смета функцијата на Народната банка во однос на уставната положба, сметам дека е регуларно и правилно да стои во делот на државните службеници.

И многу битно прашање што морам да го кажам е дека Владата не успеа, не можеме да имаме добри стручни квалификувани државни службеници. Ние тоа го кажувавме, тоа е проблем на секоја Влада и секоја администрација не само во нашата држава туку секаде во светот. Државната администрација не е платена. Многу лесно со измените во овој закон се откажуваме од примената на најважниот дел. Оваа или друга Влада може да донесува закони со кои системот на плати кој го формулиравме и за кој рековме дека врз основа на тековниот труд или врз основа на она што значи, сите државни службеници не на варијабилниот туку на другиот дел ќе бидат исти со плати. Не можеме да дозволиме да има разлика. На пример, тоа го знае и министерот за финансии и вели, според мои сознанија дека не може да превземе законски мерки во неговиот орган, Управата за јавни приходи меѓу неговите вработени кои дојдоа од поранешниот Завод за платен промет, со иста квалификација, едните земаат 8.000 а другите 16,000 денари. Или оние кои се во контролата. Тоа е точно. Со овој закон, барем оваа година да се обидеме да ја приближиме основата. Со Буџетот во маса имаме основа во тој дел. Системот за плати се одлага за почетокот на 2002 година. Тврдам дека нема да има, ако имаме такви разлики меѓу еден орган и друг за исти квалификации, за исти основи на надоместок, нема да имаме ефикасна и успешна јавна администрација, или државна администрација.

Затоа, министерот или Владата, да го одложите до јуни, па да се почнат напорите за изедначување односно за применување. Ние во Законот за државни службеници кажавме дека не донесуваме друг закон, платите или категориите ги изедначивме со тој закон. Таму се е регулирано. Регулирани се раководни работници, стручни работници, стручно - административни работници, се кажува која е појдовната основа, а плус варијабилниот дел. Мислам дека Владата треба да даде одредени објаснувања зошто не можат да почнат, дали од финансиски аспект, во иста маса да создадеме барем приближни услови, иако е тешко на оној што земал повеќе да му намалиш при овие ниски плати, но во државната администрација имаме и 6 и 7 илјади денари плата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот министер Џевдет Насуфи, беше повикан да одговори.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Господине потпретседателе, немам нешто посебно да кажам во врска со забелешките на пратеникот. Меѓутоа, вистина е дека земјата односно Владата во основа ја прифаќа идејата и се залага за идејата за редуцирањето, односно по можност максимално реформите во јавната администрација да се изведат на еден поквалитетен начин, а тоа е со дивестирањето. Заправо и министерството и Владата ја прифати нашата начелна определба и акциониот план следните акции кон реформата да одат целосно во тој правец веќе длабоко сме навлезени во анализите на суштинските и несуштинските функции во јавната администрација и соодветно на тие анализи во иднина ќе се однесуваме.

Ја прифаќаме и таа оценка дека одредени наши одлуки беа брзи од причина што бевме под притисок на реформите, а кои беа врзани со аранжманите на Светската банка и ММФ. Меѓутоа, што се

однесува до одлуката на Владата за забрана на нови вработувања, претпоставувам дека и пратеникот е информиран дека таа одлука веќе се наоѓа на уставна проверка и како Влада и органи целосно ќе се однесуваме согласно таа одлука. Мислам дека во тој дел не би требало да расправаме, од причина што нејзиното натамошно влијание во нашиот живот односно во сферата на примањето ќе зависи од одлуката на Уставниот суд.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-ѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, господа пратеници, несомнено се работи за многу значаен закон и знам дека ова Собрание навистина помина низ една многу тешка процедура со цел да ја донесе првичната варијанта на овој закон. Јас уште тогаш реков и сега ќе повторам дека се работи за една проблематика која тешко дека ова Собрание или Собрание во друг состав ќе може одеднаш и во сите сегменти квалитетно да ја реши. Веројатно добар дел од законските решенија кои беа понудени ќе мора во од да се решаваат онака како што проблемите или соочувањата со одредени законски пречки ќе се јавуваат кај одредени служби, така ќе бара и промена на одредени членови во законот.

Сметам дека во овој момент се работи за квалитетна промена на законот од причина што сепак, неможеме така бегло да поминеме дека првиот човек и неговиот заменик ќе добијат статус на лица избрани од единствениот законодавен дом во оваа држава, а тоа е Собранието. И колку да сака некој да приговара дека ќе се работи за вакви или онакви партиски кадри, сепак сметам дека оние кои што биле избрани во ова Собрание, а добар дел од нив знаат дека е прочешлана така добро нивната судбина што некои за жал дури и зажалиле што биле избрани од причина што некогаш и добар дел од говорниците тука, и себе ќе се сместам се служеле со шпекулации. Меѓутоа, постапката за избор на еден раководен кадар во Собранието е најдемократската постапка која што може да ја понуди еден закон и сметам дека во овој момент се работи за една добра предлог измена на законот. Во еден дел од дискусијата на господинот Гештаковски ќе се согласам дека можеби има и во овој закон кој што веќе функционира, работи кои што треба да се променат. Тоа времето ќе го покаже, можеби и конкретизирани ќе бидат, точно службите сами ќе бараат нивна промена. Меѓутоа, не можам да се согласам дека промените кои што настанаа во оваа држава, а тие се условени од страна на барањето на Меѓународниот монетарен фонд, беа вршени исклучиво по партиска основа. Многу е тешко, во една голема група на луѓе кои што во овој момент практично по еден или по друг основ на законот останаа без работа, да кажете дека се работело исклучиво за политички опоненти. Основен императивен на оваа држава е во овој момент нејзината администрација за која што еве сите овде ќе посведочиме дека сепак имало клучен момент кој ќе работи во таа администрација и дека тоа не биле случајно избрани луѓе. Сепак, добар дел од нив можеби биле стручни, а добар дел од нив и влегле по одредени роднински, непотистички или пак ако сакате и партиски врски, доколку има еден период од 15, 20, а некои добар дел од нив 25 и 30 години, сепак се работи за истрошени луѓе кои веќе немаат инвентивност. Во овој момент Република Македонија располага со млади кадри кои што знаат компјутерска техника, кадри кои што знаат странски јазици, кои што проследиле добар дел од администрациите на повеќе западноевропски земји на кои што ќе мора нашата легислатива да се усогласи, така да сметам дека носењето на вакви луѓе и правењето на една ефикасна мала администрација, доволно стручно подготвена и рационализирана ќе биде наш императив во иднина. Сметам дека не само со оваа измена, туку веројатно Министерството можеби за само во рок од шест месеци ќе мора да подготви и друга предлог измена на законот, се со цел да ги согледа пречките со кои одредени административни единици ќе се најдат во својата работа. Така, ја поздравувам предлог измената и сметам дека е добра. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам госпоѓа Марковска.

Збор има Љубисав Иванов - Ѕинго. Повелете господине Љубисав.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Благодарам господине потпретседателе.

Често пати многу ми смета кога некој ќе каже ние со овој закон правиме чекор многу напред, а всушност излегува дека ние нешто сме измислиле ново, сме откриле ново и треба да се прогласиме за новатори. Пред нас сето ова и праксата и животот го потврдил како треба да го решаваме, а тоа значи треба да го користиме светското искуство, искуството на

земјите кои се далеку пред нас во демократските процеси, во економскиот развој и во сите домени спрема кои се стремиме и сакаме да ги достигнеме. Спрема тоа, ние треба во нашето законодавство да го користиме тоа искуство, тоа знаење, таа пракса, тие ефекти и резултати што луѓето ги направиле во тој правец. Ние гледаме дека во тој дел на светот администрацијата е значаен фактор во одвивањето на позитивните и ефикасни процеси во една земја. Јас ќе набележам два примера.

Ние пред неколку години бевме сведоци дека во државата Италија се менуваа владите секој месец. Меѓутоа, државата функционираше италијанска, функционираше во сите домени, па и во економијата. Немаше никакви негативни последици. Едни истражувања кои тоа време се направија од познати институти, кои припаѓаат на поедини елитни универзитети, констатираа дека италијанската држава има извонредна администрација, која е квалификувана и способна, која за разлика од другиот дел на друштвото не е корумпирана, која е добро наградена и платена и која успешно ги обавува сите работи кои што спаѓаат во нејзиниот домен.

Еден друг случај. Кога беше избран министерот за надворешни работи на Германија Јошка Фишер, вечерта му поставија прашање како тоа вие сте денеска избран, а утре патувате за Парис, а потоа за Брисел, кога сеуште не сте запознати со проблемите, работите итн. Тој рече дека во неговото министерство е тој нов и неговиот заменик, сите други остануваат на своите места и дека сите тие други се практично кои ќе му помогнат успешно да ги води преговорите во Парис и во Брисел. Што сакам да кажам со ова? Овој закон треба прво да овозможи државната администрација, државните службеници бидат високо квалификувани луѓе, луѓе со голема стручност и знаење и луѓе кои што нема да бидат подвргнати на промени со промена на Владата, а тоа значи со промена на министрите, со промена на другиот дел на кои што Владата има влијание. Спрема тоа, ова е наша голема шанса да ние го искористиме тоа искуство и законодавството на развиените земји, а и сме должни сега со договорот за асоцијација и стабилизација тоа да го правиме и да не заговараме овде дека за шест месеци или девет месеци ќе донесеме нов закон. Тоа не не води никаде. Спрема тоа, така треба да се укомпонира еден закон да тој практично го обезбеди она што значи висока професионализација, она што значи самосталност на таа администрација, а тоа значи висококвалитетни луѓе, добро наградени за да не подлегнуваат на корупција како што е сега и луѓе кои што практично успешно ќе ги водат сите тие процеси.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, од сето ова излагање се разбира не само на пратениците, туку и на почитуваниот министер изгледа дека сме сите во право. Но, сите заборавамe една вистина дека ние не сме една Германија, ние не сме една Франција со долгогодишна традиција, државна управа итн. Ние треба да бидеме свесни дека 50 години ни се трубеше, ни се кажуваше дека градиме еден социјалистички систем, дека доаѓаме до едно среќно општество комунизам во кое сите по малку ќе работат, а ќе добиваат толку колку што им треба итн. И сега, произлегува дека законот за државни службеници наеднаш ќе биде нешто што ќе има најголем квалитет и почитуваниот Гештаковски вели дека, да, Владата нешто презеде, сега го прифаќаме ние тоа решение, дури и директорот што треба да се именува на таа Агенција итн., меѓутоа заборавамe нешто друго. Јас до крај не се согласувам, еве, би бил малку различен од вас. Кое е несреќното решение дека Собранието ќе го избере тој директор на Агенцијата и ќе биде најдоброто решение, кога повторно по партиска линија, или по коалициона линија ќе биде назначен некој човек. Дали тој човек со сите квалитети, со сите способности ќе одговори до крај на онаа обврска што ја има. Зборував за еден друг аспект, да не ме разберете погрешно. Тоа како процедура, како начин е добро, меѓутоа повторно се враќаме назад таму каде што треба да почнат политичките партии. Доколку тие се определат за јасни квалификувани, стручни, чесни, добронамерни луѓе, тоа би било сосема во ред. Но, ние во практиката се сретнуваме и со нешто друго. Секојдневно човекот може да биде многу стручен, да знае компјутери, да знае и два јазици, но што среќа од тоа ако многу краде. Значи, некои морални вредности во општеството. Во самите политички партии кодексот на однесување ние сами треба да го негуваме и да помине еден извесен период да дојдат до доминација таквите луѓе, а не само со декларативност и со донесување на еден закон дека тие луѓе, готово, се чисти, перфектни и дека можат да одговорат на определените функции. Навистина треба

многу макотрпно, многу квалитетно да се работи со сите кадри во државата и сите политички партии за да можеме да го извадиме тој квалитет на површина. Но, исто така не се согласувам ниту со констатацијата на господинот Љубисав Иванов, ниту на Гештаковски, ниту од другата страна. Сите зборуваме дека тие службеници во државната управа треба да бидат добро наградени. Како можеме добро да ги наградиме кога Буџетот ни е слаб, кога економијата ни е слаба. Можеме ли наеднаш ние да направиме еден царски рез и да кажеме дека тој просек на овие државни службеници за да не бидат корумпирани, да не прават проневера, да не прават малверзации, ќе ги соголиме до тој степен за да не бидат пикнати во било каква трансакција. И повторно се враќаме на истото, не можеме. Зошто не можеме? Затоа што стопанството ни е на ниско ниво, Буџетот не е толку јак и моќен за да може да ги следи тие корисници на Буџетот во Република Македонија и се на се повторно се наоѓаме во една почетна позиција која навистина како општество треба да ја градиме како политички партии. Се се сведува на тоа во рамките на оваа економија, во рамките на Буџетот на Република Македонија, толку колку што е таа сиромаштија да се дели максимално, меѓутоа, максимално луѓето што се најквалитетни да имаат минимум чесност за да можат да се форсираат во ваквите институции. И само тогаш можеме да дојдеме до одреден квалитет. И повторно ве уверувам дека нема да значат овие критериуми крај на нештата, да познава два јазика, да знае компјутери, да знае и уште нешто друго, но ако знае многу да краде и да лаже, во оваа држава нема помин. И таа државна администрација апсолутно ќе биде секогаш прифатена како бирократски апарат и во кој граѓаните на државата секогаш ќе гледаат подмитувачи, крадци итн. Ние тоа постојано треба да се стремиме да го чистиме. Но, првенствено во политичките редови на политичките партии. Ако тоа го успееме, ако тоа го направиме, многу полесно ќе чекориме на сите овие опстојувања и реформи во Владата. И јас сум сигурен дека и оваа измена и дополнување на овој закон не е доволна и ги прифаќам овие забелешки што ги имаше посебно Гештаковски. Ги прифаќам во од но и со одредени констатации и со економската моќ на државата.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Јас во еден дел се сложувам со претходниот дискутант, меѓутоа, ако некој доаѓа што знае да работи на компјутери, што знае јазици, тогаш не треба да бидат пет исти службеници на едно исто работно место, туку ќе ги обавува тој човек кој е стручен да може да користи современа технологија, а исто така не му требаат преведувачи, туку сам ќе си ги обавува разговорите. Според тоа, ние треба да одиме на квалитет, а не квантитет. Треба да одиме на она што може да носи големи резултати. А инаку ако се чекаме да достигнеме ваков развој, онаков развој, а не се разбираме, тогаш ќе се вртиме се во кругот. Ние мислам дека тука не се разликуваме, туку различно размислуваме. Јас мислам дека со квалитет, со намалување на квантитетот можеме да добиеме високи ефекти.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ако се сеќаваме пред неколку месеци, кога расправавме за законот за кој констатираме дека треба повторно да го однесеме во операциона сала, ние поднесовме бројни амандмани, па и во начелната расправа, ние укажувавме на бројни проблеми кои сега тука ни се предлагаат, иако не се на тоа ниво што ние тогаш баравме како пратеничка група. Имено, и тогаш ние имавме сугестии, имавме предлози, имавме забелешки во однос на тоа како се организира одговорната структура која се вика Агенција за државни службеници, како треба да се избираат и разрешуваат органите кои ќе раководат со оваа структура, односно Агенцијата, постапката за вработување, авансирање, наградување итн. Меѓутоа, од тоа ништо. И сега, ние тука пак расправаме, меѓутоа пак и по втор пат расправаме неодговорно и нецелосно спремни за ова многу чувствително прашање. Велам чувствително прашање, бидејќи било кого и да прашате кој е упатен во организацијата и функционирањето на државната администрација, ќе ви каже дека државната администрација е најчувствителен сегмент на организацијата која се вика држава. Имено, ако немате функционална администрација, ако немате добро организирана администрација, тоа значи дека немате ефективна власт, немате држава, немате државна организација. Може да имате само импровизација на таква организација. За жал, сега ние сме сведоци на едно тотално партизирање на државната администрација и затоа не е случајно што имаме вакви состојби во сите сегменти во

економијата, социјалата, политиката, културата, образованието итн. Тоа е катастрофално. Мора да се признае првенствено заради партиската државна администрација и наместо да се направи чекор кон департизирање на државната администрација во однос на минатата структура, сега се оди во спротивен правец до тотална партизација на државната администрација и резултат од тоа е тоа што сега ние го имаме тука. Имено, без професионална, без одговорна и ефикасна администрација никако не може да се зборува за постоење на државна администрација понајмалку за функционализам, или често како што знаеме да кажеме, сервис на граѓаните. При таква организација ние можеме само да имаме корумпирана државна администрација, можеме да имаме неодговорна администрација, нестручна администрација и како таква нефункционална. Значи, важно е како да можеме овој чувствителен сегмент на функционирање на државната власт да го имунизираме од партизација, т.е. партиската доминација првенствено од партиите кои се на власт. Ако одиме да направиме една анализа во однос на состојбите кои ги имаме во државната администрација од централната до локалната власт, ќе се убедиме дека таа структура ни е комплетна партиска што значи дека во голема мера се коси со професионализмот и ефикасноста. Бидејќи тие луѓе кои сме ги избирале да вршат одделни функции во државната администрација, тоа не сме го правеле по принципот на стручноста, туку по принципот колку тој бил добар партиски војник и се борел за гласачката состојба на партиите на власт.

Тогаш ние сме направиле имунизирани државни службеници, кои не одговараат пред никого од причина што тие се чувствуваат моќни, затоа што работеле за партијата, обезбедиле гласови и како такви тие се имунизираат и не чувствуваат никаква одговорност пред нивните претпоставени. Ако имаме таква структура, секако, тоа ќе се рефлектира само со ароганција, бидејќи тие началници кои по такви критериуми сме ги поставиле. Од недостаток на стручност, тие само продаваат ароганција на службениците, да се покажат дека тие се тие кои раководат а фактички, тоа е лошо за сите граѓани. Ние сеуште немаме соодветни стручни, научни и професионални анализи, каква администрација ни е потребна во наши околности, во политички околности, во економски околности, културни ако сакате. Тука не постојат никакви стандарди кои можат да се увезуваат од развиените земји. Тука повеќе од потребно е научна анализа, автохтона кој лек е соодветен при нашата административна болест што ја имаме. Мислам дека кажавме како да се имунизира државната администрација од партијата која е на власт. Тоа е можно според мене, да се направи со две интервенции и тоа начелни интервенции.

Првата е, мора да се изградуваат соодветни механизми за избор и разрешување на раководни функционери, кои раководат со органите на управата и второ, мора да постојат соодветни механизми, стручни, колективни, па и јавни за вработуваше на нови лица, за оценување на нивните способности, па и наградување врз основа на работата која ја обавуваат. Тоа ние уште го немаме, а го немаме и во овие предлози за изменување и дополнување на Законот.

Затоа, јас предлагам предлозите од Владата да одат како прва фаза. Ние имаме врвни стручњаци во државната администрација во управното право, во управната постапка итн. кои ќе спремаат елаборат каква државна администрација ни е потребна, па потоа, може врз основа на тие констатации Владата да предлага изменување и дополнување на законот, што значи дека тоа ќе биде многу поблиску до реалноста, за едно нормално функционирање на државната администрација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Мерсел Бињали.

Има збор г-динот пратеник Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, колегата Мерсел Биљали кажа некои работи околу политичката димензија, а никако околу законот, дека тоа биле предлог закони за дел од реформите, меѓутоа, г-динот Биљали не се задржа за законот, туку околу политиката. Тој кажа дека има некои врвни стручњаци во администрацијата. Ние тие стручњаци навистина ги имаме, затоа што кога беа на власт, тие пред секои избори локални или парламентарни, вработуваа огромна бројка на вработени, за да ги добијат изборите и затоа администрацијата дојде до таа бројка што ја имаме.

Во тој контекст, јас не се согласувам со искажаните работи од г-динот Мерсел Биљали.

**ТОМИСАЛВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Мухамед Таири.

Дали некој друг бара збор.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Реплика. Јас искрено му се заблагодарувам на г-динот Таири што не се согласува со мене, бидејќи да се согласеше, ќе се посомневав на моите ставови.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Во меѓувреме додека колегите говореа некои пратеници излегоа од салата и со тоа го нарушија потребниот минимум за одлучување, треба да се гласа.

Ве молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Само кратко. Бидејќи ги следев дискусиите на некои пратеници претходно што дискутираа и бидејќи се изнесуваат невистини, јас сакам само принципиелно некои работи да истакнам, а тие работи се веќе истакнати во повеќе наврати од наша страна. Јас сум ги употребувал тие податоци кога сум зборувал во врска со партизирана администрација. Сега ако се фатиме на тоа дека имаме нестручна администрација, еве јас можам условно да се сложам. Меѓутоа, некако имаме проблем да се сложиме дека таа нестручна администрација е и партиска администрација и администрација на партијата на власт. Секој што сака да ги погледне бројките, да ги земе вкупните бројки може да заклучи дека од доаѓањето на власт оваа коалиција вработила 10% од вкупната маса на administrativci. Ако 10% значи партизирана администрација, а другите 90% стручњаци, еве нека проценува македонската јавност. Повеќе пати сме кажале дека 50 години сигурно не бил некој друг возвишен принцип на примање на луѓе во администрација во која што се наоѓани апсолутни идеалните личности и кој што принцип го напуштила оваа власт, заменувајќи го со партиски принцип. Значи г-дата што го користат аргументот дека имаме нестручна и партиска администрација, едноставно имаат проблем тезите да ги изведат до крај издржано. Затоа што или ќе ја прогласат својата администрација, односно која што припаѓа на опозицијата за нестручна, или ќе прифатат дека не е партиска. Ако прифатат дека не е партиска, тогаш сме на чисто, треба да носиме закони за државни службеници, да ја оддалечиме целава оваа работа од политиката, односно од дневната политика и партија на власт. Инаку ќе се останува цело време во една ситуација на логичка замка која што мислев само вака кратко дека треба да ја спомнам, да ја нафрлам пред јавноста за да се потсетиме какви се бројките.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлог на законот.

Пратениците Чедомир Кралевски и Замир Дика поднесоа амандмани на член 1, член 2, член 6 за додавање нов член 14-а, за додавање нов член 15-а и за додавање нов член 16-а по кои Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 7 став 3 и на член 8 став 5 и 8 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Чедомир Кралевски, Замир Дика и Слободан Даневски поднесоа амандмани на член 2 за додавање нов член 2, став 2 за додавање нов член 14-а по членот 14 и за додавање нов член 16-а по членот 16 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Кирил Андоновски и Чедомир Кралевски поднесоа амандман на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Чедомир Кралевски и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот текст на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандман на член 2 поднесен од пратениците Чедомир Кралевски и Замир Дика.

И по овој предлог претставникот на Владата не се произнел.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратениците Чедомир Кралевски и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на предложениот текст на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 3 поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 5 и 8 поднесен од Комисијата за политички систем.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 14-а поднесен од пратениците Чедомир Кралевски и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ.**

Констатирам дека и овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за додавање на член 15-а поднесен од пратениците Чедомир Кралевски и Замир Дика.

Го молам претставникот ан Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЏЕВДЕН НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов член 16-а поднесен од пратениците Чедомир Кралевски и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Владата го прифаќа и овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Кирил Андоновски и Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Процедурално.

Со оглед на тоа што во меѓувреме дојдовме до сознание дека треба да се корегира поднесениот амандман и службите веќе работат на корекција на овој амандман,  овој амандман го повлекуваме, а во меѓувреме ќе биде поделен на пратениците искорегираниот амандман.

Овој амандман го повлекуваме, но барам да се сочека малку да биде поделен новиот амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е повлечен и по него Собранието нема што да одлучува.

Продолжуваме понатаму со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање на нов став 2 поднесен од пратениците Чедомир Кралевски, Замир Дика и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нов став на членот 14-а по членот 14, поднесен од пратениците Чедомир Кралевски, Замир Дика и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека предложениот амандман е составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 16-а по членот 16, поднесен од пратениците Чедомир Кралевкси, Замир Дика и Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**ЏЕВДЕТ НАСУФИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот е составен дел на текстот на предложениот закон.

Со оглед да при повлекување на амандманот на член 1 став 2, од пратеникот Чедомир Кралевски и најавата да поднесат и друг амандман за истиот член, предлагам да сочекаме - да продолжиме во овој дел со вториот, наредниот закон и по добивање на тој амандман да продолжиме.

Минуваме на точката шест.

Предлог на закон за изменување на Законот за ревизија.

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на законот.

Колеги пратеници, дали некој бара збор, по текстот на законот? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на законот и Предлогот на законот пред да го ставам на гласање ги молам пратениците кои се во ходникот, да влезат во салата за да гласаме по овој Предлог на закон.

(По паузата).

(Седницата продолжи со работа во 17,30 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата за службите да го утврдат точниот број присутни пратеници.

Ве молам притиснете на едно од копчињата да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Присутни се 72 пратеници.

Констатирам дека можеме да продолжиме со работа.

Застанавме на точката 6 - По Предлог законот за изменување на Законот за ревизија.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и Законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 73 пратеници од кои 66 гласале "за", 5 пратеници се "воздржани" и двајца се "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за ревизија.

Продолжуваме по точката 7 - Предлог на законот за акцизи.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Министерството за финансии, имајќи ги предвид основните принципи и цели на реформите за даночниот систем, со кој што се настојува постојниот систем да се изгради во нов ефикасен систем, кој ќе одговара на пазарните услови за стопанисување и ќе биде контактибилен со даночните системи во Европската унија, пристапи кон изготвување на нов закон за акцизи.

Многу важна причина за изготвување на овој закон за акцизи е определбата на Владата на Република Македонија што е можно побрзо да влезе во Европската унија и да воспостави заеднички пазар со земјите членки на Унијата.

Сето ова е можно, покрај другото, со хармонизирање на даночната легислатива со европското право.

Во овој контекст е изготвувањето на новиот Закон за акцизи, кој целосно е во согласност со директивите на Европската

унија, со што се овозможува нашата регулатива во оваа област, целосно да се приближи кон европските стандардни решенија.

Законот беше подготвуван од експерти во Министерството за финансии и други експерти од Република Македонија и потпомогнат од ГТЗ од Германија. Практично, како модел е земен германскиот закон за акцизи. Така што, цениме дека се работи за исклучителен закон, кој што при влегувањето во Европската унија воопшто нема да биде прашање за кое што ќе се дискутира.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Законот.

ЗПК поднесе амандман за менување на ознаките на главите А, Б, В, Г, Д, Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј, К, со ознаките на главите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13.

Член 8 став 5, член 13 ставовите 3, 4 и 6, член 19, член 21 ставови 4 и 5, член 33 став 3, член 35, член 46, член 50, член 60, член 61 став 1, точките 9, 19 и 21, член 63 став 1 и член 64.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 6 став 2, член 17 став 2, член 63 став 1, член 63 став 1 и член 64, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на ознаките на главите: А, Б, В, Г, Д, Ѓ, Е, Ж, З, Ѕ, И, Ј, К, со ознаките на главите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13, поднесени од ЗПК.

Молам, претставникот да се произнесе по истата, бидејќи тука стои дека не сте се произнеле.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на предложениот текст на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 5, поднесен од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 13 ставови 3, 4 и 6, поднесени од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 2, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 19, поднесен од ЗПК. Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 21 ставови 4 и 5, поднесени од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 33, поднесен од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 35, поднесен од ЗПК.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 46, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 50, поднесен од ЗПК, со кој повереникот на Владата се согласил.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 1, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 60, поднесен од ЗПК, со кој повереникот на Владата се согласил.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 1, точка 9, 19 и 21, поднесени од ЗПК, со кој амандман повереникот на Владата се согласил.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 63 став 1, поднесен од ЗПК, со кој повереникот на Владата се согласил.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 63 став 1, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека амандманот станува составен дел на текстот на предложениот закон.

Отворам претрес по амандманот на член 64, поднесен од ЗПК, со кој повереникот на Владата се согласил.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави господинот пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Малку е чудно ЗПК да поднесува амандмани во оваа смисла, што се однесува, како што ние правниците велиме во материјална смисла, а не надградба, законодавно - правен аспект, или доизградба на правниот систем, или правна техника.

Морам да укажам дека со исклучок на претседателот на ЗПК, сите други членови, без разлика на политички партии и застапување на политички интереси го поддржаа овој амандман на член 64. Претседателот беше воздржан, пред се, иако не сум известител, на моја иницијатива беше предложен, затоа сакам да го образложам овој амандман.

Овој амандман им е поздрав на сите пратеници, односно суштината на овој амандман е позната на целата македонска јавност, на Владата, се воделе расправи, полемики, имаме затоа сознание, но би се обидел јас со едно мое излагање, во функција на помагање на Владата за излез од оваа состојба, а за излез и пред остварување на макро - економската политика, а особено пред ММФ и Светската банка. Се работи за намалување на акцизите на патничките автомобили, теретните автомобили и стопанските доставни возила.

Факт е дека никаде во светот, или некаде со исклучок да имаме вакви давачки. Имаме ДДВ, со зголемена ставка, имаме царини со високи ставки, имаме акцизи. Мораме да констатираме, но ова е мое, незнам дали претставникот на Владата ќе се согласи, овде е направена грешка од страна на Владата. Кога се воведуваше данокот на ДДВ, Владата по автоматизам требаше да ја укине акцизата. Владата тргнувајќи од билансите на Буџетот и приходите на Републиката, еден период имавме суфицит во Буџетот, а кога имавме суфицит во Буџетот, сметајќи дека натамошното балансирање ќе придонесе во даден период да се избалансира, односно ќе се сведат придонесите на едно нормално ниво, кое би прилегало и кое е во наше опкружување и во светот и секаде.

Јас би сакал да укажам дека неможе да се воведуваат јавни давачки, бидејќи Парламентот согласно Уставот, е единствено овластен за давање согласност за јавни набавки. Не може да се воведуваат јавни давачки, особено акцизи, кои не претставуваат луксуз. Суштината на овој закон кој ќе го донесеме е во функција на европската интеграција. Затоа и самиот предлагач дава еден преоден период уште три години да се плаќаат акцизи.

Бидејќи патничките автомобили и доставните возила не претставуваат луксуз, туку потреба, тоа на сите ни е јасно. Не само тоа, но јас мислам дека во голем дел и во самостојниот развој на Република Македонија, со царините, со давачките и поранешниот данок на промет и данокот на царини, кои беа начин на пресметување, многу придонесувавме во уназадување на развојот на стопанството. Од најситните мали и средни претпријатија им треба возило, достава, им треба и на поголемите фирми и на сите луѓе им треба патнички автомобили да си ја завршат својата работа. Што значи, тоа не е луксуз.

Што настана во тој период? Владата, сигурно во еден период ја призна грешката дека во тој период не постапи со овие измени. Во тој период се вклучија и ММФ, сигурно по изјаснувањето на министерот за финансии, кој бараше, а и Владата бараше да се укинат акцизите за патнички автомобили и на доставните и стопанските возила.

Образложението од средствата за информирање по изјаснувањето на министерот: "Вие сте сиромашна земја, ние интервенираме во надминување на сиромаштијата и ќе плаќате најскапо во светот". Не знам дали држат тие аргументи, иако министерот по негово укажување во печатот, им објаснуваше, имаа средби со импортерите и слично, но тие останаа на тоа свое тврдење.

Сметам дека не се постапува така како што се постапува со другите. Сведоци сме, незнам дали потпиша и Хрватска Спогодба со ММФ, таму се на половина и повеќе и тоа ним не им го велат. Ние ова решение сме го затекнале и на тоа не држат. Во Хрватска, ги прифатија оние царини кои ги имаа и ММФ се согласи, иако и тие се сиромашни и имаат приходи колку нас во таа смисла. Тука е многу битен и другиот елемент, што ние како пратеници од законодавно правен аспект и да му дадеме на министерот и на Владата поддршка од овој Парламент за нивните разговори и преговори, видете господа, ние ја ратификувавме и Спогодбата со Европската унија сега, во која имаме речено дека за 10 години во делот на автомобилите ќе ги

намалуваме, првите три години 80%, а по 10 години, да немаме ни царина.

Мислам дека Спогодбата со Европската унија се однесува да ги намалиме царините. Хрватска исто така ја склучува Спогодбата за стабилизација и асоцијација од Европската унија сите коли да немаат царина, барем колку што јас сум информиран од средствата за јавно информирање.

Што би сакал да предложам? Би сакал да предложам, доколку има расположение кај Владата и кај министерот, овој амандман од ЗПК да го преиначиме, не само да се укине, да важи веднаш по влегување во сила, од аспект на законодавен дом, од аспект на неусогласеност и неможност да се препишуваат акцизи за оние стоки, кои не се луксуз, бидејќи овој закон се однесува само за алкохолните пијалоци, цигарите и маслата, нафтата, бензинот и слично.

Доколку има расположение, а бидејќи министерот сигурно ги води тие преговори, да предложиме амандман од овој Парламент и тој да го прифати бидејќи ќе преговарате со ММФ, да им дадеме одложно дејство до јули. Акцизите да се укинат до 30 јули, со тоа Владата да преговара, да ги истакне аргументите од страна на овој законодавен дом, бидејќи од уставен аспект не може да постои од аспект на роба која не е луксуз. Доколку има такво образложение, јас во името на членовите на ЗПК, 6и бил спремен да го преиначиме, да дадеме грејс период, Владата да преговара од значење на овој законодавен дом, доколку не ги убеди претставниците на ММФ, повторно да дојдеме во овој Парламент, министерот за финансии да ја образложи позицијата преговарачка, сигурно е зајакната од уставен аспект. Тука има еден проблем кој би сакал министерот овде пред пратениците да ми одговори, бидејќи ние често добиваме и за акцизите и за царините и ДДВ во однос на оваа проблематика. Вие сте сведоци дека пред извесно време ни испрати едно отворено писмо еден иселеник.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**
(Продолжение)

Кои покрај сите овие давачки на поволни коли и на нови коли ние воведовме уште една давачка. По мое мислење тоа е еден дил во еден период кога се водеше во Владата меѓу импортерите во Република Македонија и Владата.

Ние како законодавен дом воведовме, што е добро во Европа и секаде таканаречениот институт или многу важен технички и еколошки аспект тоа е хомологација. Тој што ни го упати отвореното писмо кажа покрај се она што платил дупло отколку што ја купил, плус плаќа уште 1000 марки, а тоа е 200 марки на Машинскиот факултета. 800 марки кај импортерите. Импортерите исто така со своите размислувања се обратија на Парламентот и би сакал малку и тука да објаснам.

Господа, овој Парламент е единствен кој пропишува јавни давачки со закон даноци. Импортерите се осудија да ги искараат пратениците, да ги искараат пратениците како створале однапред непознати услови, како граѓаните се навикнале да плаќаат за една кола од 10 илјади марки уште осум девет илјади марки, па сега се расправа во Парламентот и во Владата, граѓаните се надевале дека ќе ги намалиме акцизите, ќе ги намалиме царините, а тие не можеле да ги продаваат колите. Импортерите да си ги продаваат колите овој Парламент ќе носи акти под кои услови и како, водејќи сметка за крајни и стабилни услови за продавање. Кој е дилот направен, барем спрема мене, спрема одредени министри во Владата и импортерите.

Мислам дека јавните давачки ги пропишува овој Парламент. Ние немаме пропишано акт дека 800 марки треба да даде секој во Републиката, нестварајќи монопол на импортерите иако има високи маржи кои граѓани во Република Македонија да купи нова кола, ако сакаат и директно мерцедес, директно од прва рака од импортерот, или половна кола мора да оди, има генерално застапништво импортер за една потврда, како што велат во отвореното писмо ќе пуштат еден службеник да види дали има четири седишта, дали има АБС, 800 марки на импортерот. Сто коли еден импортер, која сакате марка, 100 илјади марки. Господине министер, тие пари не можат да се плаќаат за хомологација. Тие пари мора да бидат приход на Буџетот и за нивните трошоци само да остваруваат. Затоа тие во своето балансирање, мала продажба, Македонија не е на афричко ниво во продажба на колите, да ја споредиме со Словенија, со Хрватска. Сите се овие елементи кои граѓаните очекуваат и мислат не створаме услови од 2000 година, па и од 1990 година се расправаме со стари коли, нови коли. Затоа сме, не ве убедувам да го гласаме овој амандман да ја донесеме во неповолна положба Владата и да му ги намалиме преговарачките позиции, во никој случај, но доколку има можност да му

дадеме законодавна поддршка, а и нашата пратеничка група доколку не прифати меѓународниот фонд не би требало да пропадне аранжманот во никој случај за колите од кои е мал приходот. Колеги, ако ја отвориме оваа расправа некои ќе кажат дека Буџетот ќе оствари поголеми приходи, затоа во одредени размислувања се финансиските стручњаци и тврдат дека само акцизата ако се укине приходите на Буџетот ќе бидат поголеми од увоз по основ на увоз од ДДВ и по основ на царина. Затоа јас оваа расправа би ја прекинал тука, би го повикал министерот, а посебно инсистирам пред пратениците да даде објаснување во однос на хомологацијата, како е пропишана, дали Владата ќе превземе нешто во тој дел, а да се изјасни во однос на амандманот.

Доколку го прифати тој дел јас овој амандман би го повлекол и не би инсистирал парламентарците, бидејќи се работи за граѓаните, пред се од аспект за стопански, економски и секаков аспект, секој човек има желба во својот период нешто да има. Тогаш ќе се створат сите услови секој граѓанин да има шанса да купи кола. Ќе бидат банкарските кредити поевтини, ќе можат на отплата, на лизинг да земат. Ќе станеме нормална земја за сите наши граѓани да можат да остварат, не е сон кола барем на малите коли. Или треба да размислуваме на големите коли, над 2000 кубици нека има посебен данок на луксуз, на давачки. До 200 кубици е потреба. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам колега Гештаковски.

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот министер Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Значи, прашањето е стара болка и не ни е прв пат да дискутираме за тоа и никој од нас не сака да имаме скапи автомобили, меѓутоа за жал има и други работи кои што се доста важни и кои што треба да ги почитуваме. Има два важни моменти кои што сакам да ги споменам кога го образложувам она зошто во овој момент не сме подготвени да го прифатиме овој амандман.

Првиот момент кој веќе беше елабориран и од самиот предлагач е проблемот што го имаме со меѓународните финансиски институции, со кои што државата има аранжман. Беше споменат случајот со Хрватска неколку пати, меѓутоа Хрватска нема ИФФ аранжман, аранжман за намалување на сиромаштијата.

Второ, Хрватска има дупло поголем бруто домашен производ по глава на жител, што исто така на некој начин е во некоја релација со првото што го кажа.

По првиот момент сакам да кажам Владата исто така смета дека треба да дојде до намалување на висината на акцизите и дека ова прашање беше многу дискутирано со шефот на Мисијата на фондот и издигнато на највисоко можно ниво. Јас следната недела ќе престојувам во Вашингтон кај претседателот на ММФ, со кој што ќе го отворам ова прашање. Значи, прашањето го доведовме до претседателот на ММФ, што значи дека максимално правиме напори. Тој требаше да дојде крајот на март, почетокот на април, но заради политичките состојби во државата го одложи неговото доаѓање и сега јас заминувам во Вашингтон со цел да се разговара по ова прашање.

Евентуално, преземање на мерки од Владата спротивно на она што го имаме како согласност со меѓународните финансиски институции може да има големи реперкусии врз аранжманот што не е посакувано и од самиот говорник кој говореше претходно, бидејќи тоа го истакна.

Одење на варијантата во моментот да го изгласа ова без било што за во меѓународните финансиски институции да се толкува дека Владата нема поддршка од Парламентот, а со таква Влада меѓународните финансиски институции не сакаат да имаат аранжман и го прекинуваат аранжманот. Значи, и во едната и во другата варијанта постои опасност да дојде до прекинување на аранжманот. Од друга страна во меѓувреме се појавија и други моменти и други аргументи кои што не одат во наша корист. Тоа е моментот на трошоците за политичката криза што се јави во Македонија во средината на февруари и која што барем од финансиска гледна точка има иста или слична динамика како што имаше во најтешките денови. Средствата што можеа да се замислат да се искористат за намалување на одредени даноци, како што ние ги замислувавме во јуни со ребаланс да се искористат за намалување на неколку даноци или царини најверојатно со ребалансот ќе бидат искористени за зајакнување на Буџетите на министерствата кои што се одговорни за националната безбедност.

Од тука нашите аргументи што се однесува до 2001 година сега се ослабнати во преговорите затоа што веројатно е дека нема да има простор дури и кога тие би се согласиле, нема да има финансиски простор

за да извршиме вакво намалување, бидејќи за се треба да постои простор, треба да постојат средства. Така што дури и да издејствуваме во преговорите вакви нешто тоа би важело од 1 јануари следната година.

Од друга страна со овој закон што сега го предлагаме се предвидува не намалување на акцизите на возилата туку нивно целосно укинување крајот 2003 година, што значи уште двеипол години. Како и да е, што и да се случи крајот на 2003 година за автомобилите нема веќе да постојат акцизи. Не што ќе бидат намалени, туку нема да постојат акцизи. Останува во меѓувреме да дојде до намалување, за кое што државата нема да има други негативни ефекти, за што ние максимално се залагаме, се бориме и сме на исто гледиште како и други овде што се, но не би сакале да ризикуваме други позитивни позиции што ги добивме во меѓувреме само заради ова прашање. Ги сакаме и двете, но кога мораме да избираме го бираме аранжманот, а во меѓувреме максимално се бориме да го добиеме и второто.

Од тука ве молам денеска да не биде поддржан овој амандман а да се остави простор Владата и понатаму да ги продолжи разговорите со меѓународните финансиски институции и да се види просторот во Буџетот дали ќе има нешто простор за оваа година или тоа би се направило од 1 јануари следната година.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повторно се јави за збор господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас би сакал и инсистирам на информирање на пратеникот, иако не е во директна врска со Законот за акцизи, мислам дека министерот го испушти тоа.

Во делот за хомологација би требало да ги информира пратениците, бидејќи е во функција на целокупната цена. Дали испушти или е намерно. Ако не сака да информира, јас би го поставил тоа како пратеничко прашаше за да ми се одговори.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас само би побарал само едно појаснување од вас. Ако добро разбрав вашето прашање беше - трошоците за хомологација што се плаќаат одат кај увозниците, а не во Буџетот. Само да ми потврдите дали е тоа, за да не одговорам на нешто што не сум го разбрал можеби.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Делумно беше тоа, делумно е дали е точно компензација со импортерите во однос на акцизниот дел, дали е дадена хомологацијата и во таков износ.

Јас сметам дека таков износ освен трошоците не може да има, никаде го нема и дали е пропишано тоа со некој акт на Владата во делот на износот од 800 марки, односно 200 марки на Машинскиот факултет вкупно 1000 марки.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Не постои некоја таква тесна врска за компензација, меѓутоа би го задржал правото ако може, иако не е денеска пратенички прашања, подлабоко да го прогледам овој преглед и да ве информирам писмено ако се согласувате, бидејќи со мала доза на несигурност ви одговорам на прашањето. Барем колку што јас знам досега немало некоја таква поврзаност на овие две прашања, но би сакал подлабоко да го разгледам прашањето и писмено би ве информирал во првата можна прилика, а и би дискутирал.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Гештаковски дали сте задоволни.

**ТОМИСЛАВ ГЕШТАКОВСКИ:**

Добро, се согласувам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Молам, одиме понатаму.

Има збор господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, јас навистина немав намера да се јавувам после она исцрпно излагање на господинот Гештаковски бранејќи го амандманот на ЗПК, меѓутоа инспириран сум од настапот на министерот, па би сакал да добијам малку време за да реплицирам на излагањето на министерот.

Господине министер вие сте последниот министер од оваа Влада што најискрено уживате министерски кредибилитет, барем пред опозицијата и пред јавноста. До пред два дена мислев дека се двајца, но вие сте биле веројатно сам, така да нема никаква причина да не ви веруваме ова што вие го кажувате околу разговорите на Владата што ги имате со ММФ и со веќе склучениот аранжман. Меѓутоа, мислам дека до крај не не убедивте со вашите аргументи дека членот 64 треба да се промени и да нема дупло наплаќање на фискални давачки на овој вид на производи, т.е. на автомобилите од проста причина што во тие разговори со ММФ, тоа го говоревме и на Комисијата за финансирање и Буџет, на која вие не

присуствувавте на жалост кога го разгледувавме Законот од проста причина што во тие разговори со ММФ длабоко сме убедени дека тие иако парцијално гледаат по ставки колку приходи се остваруваат во државниот Буџет на годишно ниво, сепак на крај е важна конечната цифра дали 100 процентно или е натфрлен, или нешто минимум е потфрлено под крајната цифра од сите видови на фискални давачки што ги наплаќа државата.

Затоа не сме убедени дека ММФ цврсто стои на таа позиција поради нивото на бруто домашниот производ перкапита, дека мисли дека ова биле луксузни производи за Република Македонија виза ви она што го спомнавте дека Република Хрватска има дупло бруто домашен производ по глава на жител, па затоа и немаат аранжман за намалување на сиромаштија.

Мислам дека грешите во една ваша проценка што тогаш ги баравме тие емпириски анализи, да се направи една симулација на обемот на продажба на автомобили пред воведувањето на акцизата т.е. 1 април 2000 година и на обемот на продадени автомобили по воведувањето на акцизата и ДДВ на овој ист производ.

Една емпириска анализа направена во рамки на Здружението на импортерите во Република Македонија на ниво на Стопанска комора говори доколку се укине оваа давачка со драстично покачување на процентот на продадени автомобили фактички приходите од овој вид на производ во вид на ДДВ и царина би биле приближно на исто, или дури на исто ниво одколку што се забележува наплатата на фискалните давачки заедно со воведена акциза виза ви паднатиот обем на продажба на истиот тип на производи, тоа се автомобилите.

Затоа беше добро кога укажувавме на последната седница на Комисијата за финансирање и Буџет стручните служби барем во рамки на вашиот ресор да излезат со една ваква анализа. Тогаш вие го ветивте тоа за да не убедите нас како пратеници овде дали сте во право со она што го излагате или не сте во право.

Доколку сте во право и доколку таа емпириска анализа покажува дека и покрај тоа што е воведена ваква значително зголемена давачка на увозот на автомобили и автомобилот од просечната класа до 2000 кубици е најскап во Европа ако се купува во Македонија исклучувајќи ги Скандинавските земји мислам дека и ние ќе ве сфатевме и ќе разберевме дека сепак она што го кажавте, аранжманот со ММФ е побитен за Република Македонија отколку напуштање на овој вид на давачки, односно акцизата. Меѓутоа, доколку таквата анализа покажува дека преку зголемениот обем на продажба на овој вид на автомобили навистина нивото на наплатени приходи по таа тарифна позиција би се задржал или на исто ниво како во претходниот период кога не беше воведена давачката, или по наша оценка дури и би се зголемил, тогаш воопшто немате право да ја браните таа теза, а мислам лесно ќе го убедите ММФ да попушти на тие позиции на кои цврсто сега засега, барем како што вие ни укажувате се држат.

Од друга страна и тогаш истакнавме, добро е да се повтори и сега дека неизмерни се придобивките доколку се зголеми обемот на продажба на автомобили во Република Македонија во функција на обновуваше на возниот парк кој има просечна застареност од 15 години и од еколошки аспект што значи и од друга страна и вие веројатно сте во тек дека на едно пратеничко прашање сите пратеници имаат добиено одговор од Владата дека е драстично зголемен бројот на регистрирани автомобили во соседните странски држави, пред се во Република Албанија и во Република Бугарија. Тоа не е тврдење на мене лично, или на опозицијата, тоа е тврдење од Владата, не се сеќавам сега точно колку беа тие во цифри, меѓутоа се чувствува драстично зголемување на регистрација на такви автомобили по пат на регистрирање на некакви фиктивни квази фирми во овие две соседни држави, што ги споменав и наместо парите да остануваат овде во вид на трговски маржи или на наплатени приходи од ДДВ и царини како дефинитивно увезени стоки во Република Македонија имаме одлив и пречекорување на платниот биланс на државата со одлив и на тие минимални средства што ги плаќаат за да регистрираат поевтини автомобили дали во Република Бугарија или во Република Албанија.

Од тие причини ако ја имате таа анализа ние би ги прифатиле вашите аргументи со вашиот став да извршите дополнителни притисоци пред ММФ, меѓутоа ако немате таква анализа добро е времено, барем до утре да се одложи овој закон за расправа, најверојатно седницата ќе трае уште некој ден и уште еднаш да излеземе со некои егзактни цифри, да не убедите сите дека навистина сте во право кога го говоревте претходното т.е. дека се плашите потсвесно дека ќе почувствувате драстичен

пад на овој вид на приходи во Републичкиот Буџет.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас имам малку по различно мислење и од Гештаковски и од автомобилџиите и од министерот.

Можам да прифатам повеќе аргументи од овие што ги изложи министерот односно да ги уважам како аргументи во прилог на ставот дека сега не треба да се намалуваат акцизите за автомобилите или да се укинуваат итн., што инаку имаат право да го бараат и автомобилџиите и населението на РМ, бидејќи сите сакаат да имаат и подобри и по евтини автомобили.

Го прифаќам аргументот на меѓународните финансиски организации и да кажам дека тој аргумент треба да го почитуваме, бидејќи ние сме под мониторинг, постојана е контролата на буџетските средства од нивна страна и благодарение на тие финансиски организации успеавме да имаме некакви буџетски рамнотежи во изминатите неколку години и од нивните услуги и нашите обврски кон нив, не треба да се откажуваме и немаме уште можности да го направиме тоа и немаме ситуација со која што би требало да покажеме дрскост кон меѓународните финансиски организации итн. Тој аргумент го прифаќам. Прифаќам дека парламентот не треба да изгласа нешто што е јасно соопштено дека не е договорено со меѓународните финансиски организации. Го прифаќам и тој аргумент.

Прифаќам дека Владата, и министерот за финансии со право се плаши дека ќе се намалат приходите во Буџетот. Се разбира постојат и други аргументи дека не поради овој основ, туку поради целата настаната ситуација во државата дека приливите во Буџетот ќе се намалат и тоа е голема опасност. Државата и министерот за финансии мора да водат сметка да се покријат потребите итн. И тој аргумент го прифаќам. Дури би додал и други аргументи кои говорат против сегашното намалување на акцизите, аргументот кој што ни е од долгорочна природа, не од денеска и кој уште долго ќе држи, а тоа е нашиот голем трговски дефицит и нашите платнобилансни проблеми што ги имаме и се разбира политика на приоритети, за што ќе се трошат оскудните девизни средства во оваа држава, што е, можеби најголем аргумент за тоа да се определува како ќе се насочува царинската, девизната политика итн., што во овој момент не беше спомнато, но сега сакам да го спомнам. Меѓутоа, ние нема да направиме ништо ако вршиме реформи само на страната на прибирањето на средствата, па сега употребуваме семожни аргументи за тоа како треба да направиме за да не ни се намалат парите што ги планираме да пристигнат во Буџетот, бидејќи со тоа јасно е дека не можеме ништо да направиме ако немаме реформа на страната на трошењето на средствата. Од ова што ни се случува денеска изгледа дека ние немаме никакви реформи на страната на трошењето на средствата затоа што, само последниот пример, во Министерството за одбрана каде што флагрантно се украдени толку пари, покажува дека никаква политика, незнам, на цврста одбрана на бранење на обврските за плаќање на акцизи, никаква политика со желба дека 2003 година ние ќе ги намалиме, незнам, ќе ги укинеме акцизите за автомобилите. Нема да ни помогне тоа ако на овој начин течат парите од Буџетот како да е некој непресушен извор Република Македонија, па кој како стигне купува, набавува на баби на тетки на дедовци на стрини и така натаму.

Г-дине министер вие исто така имате одговорност за трошењето на парите на Буџетот. Контролата на трошењето на парите на Буџетот е никаква. Не е само Министерството за одбрана. Каде што се одлевале, на еден пример толку многу пари. Вие знаете колку пари се одлеваат преку Министерството за здравство, со какви тендери, со какви врски, со какви тајфи во РМ. Тоа исто го знаете. Нема контрола.

Што се работи преку Фондот за здравство вие добро знаете, бидејќи и вас ве информираа луѓето што плачат, што не можат да стигнат да си ги наплатат парите, а како некој други стигнуваат и на кој начин. Но, ние сега имаме информација дека луѓето од Фондот за здравство ќе го контролираат овој друг што злоупотребил, а таму ако се направи контрола од ваша страна или од некоја независна стручна служба, ќе се види дека уште поголеми пари се одлевале или бил оштетен Буџетот на РМ. Да не ги редам другите набавки. Да не редам за колку пари ги продаде државава последните капацитети во РМ и колку и на кој начин е оштетен Буџетот на РМ. Ако така се прави ние нема да стигнеме до политика на намалување на акцизи, на даноци никогаш во оваа држава. Никогаш. Без тендери колку фирми се продадоа, колку дисконти се дадоа од 70, од 90%, без да се провери дали навистина вредат толку тие

објекти итн. Направете анализа колку пари на тој начин се изгубија.

Ниту еден аргумент г-дине министер не вреди од ваша страна за тоа дека не треба да се намалат акцизите, или дека не треба да се намалат даноците, ако на овој начин се одлеваат парите од Буџетот, какви што има прилика да види цела јавност во РМ. Инаку стојат тие аргументи што ги спомнав. Јас би додал уште некои, ама под претпоставка да се контролира трошењето на парите. Ако не се контролира трошењето на парите ние немаме аргументи ниту пред автомобилџиите, ниту пред домаќинките, немаме аргументи ниту пред еден граѓанин на РМ. Тоа е централното прашање.

Јас навистина не можам да разберам, вие правите трезорски систем, вие ги собирате приходите, закони за контрола итн., а вие немате никаква контрола на трошењето на парите. Секој министер, секој началник има своја политика приватна за трошење на парите. Тоа не е возможно за една нормална држава, ако сакаме да биде нормална држава. Спречете го тоа таму инаку не ви вреди ниту еден аргумент, а е голема срамота за нас како парламент, после се ова што се случува, ние што дремеме. Испаѓа дека ние им велиме - алал да ви е земајте што повеќе од народот. Плачат луѓе без работа, плачат луѓе без плата, а луѓево во Владата, министри, како да дошол судниот ден на државата, без трошка совест, на нај дрзок, на најбезобразен начин се краде државата. Затоа сите аргументи, овие други и кои што држат, во вакви услови не држат и ние ако сме вистински парламент ќе го поставиме тоа прашање на дневен ред, затоа што не е прашањето на министерот за одбрана, прашањето е на целата државна администрација, прашањето е на целата Влада, прашањето е на целата власт. Не постои структура што не е зафатена со тешка корупција во РМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува г-динот Делче Ицков.

**ДЕЛЧЕ ИЦКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Се јавив за реплика бидејќи се чувствувам должен да одговорам по однос на Фондот за здравство што беше спомнат од страна на г-динот Гошев. Зборувам само за Фондот за здравство.

Г-дине Гошев, кога дојде новата власт, новото раководство во Фондот, имаше 110 милиони марки долг. 110 милиони марки г-дине Гошев не велам дека вие ги украдовте, само потенцирам дека имаше 110 милиони долг кој го направија твоите пријатели, твоите другари, а и сега си со нив, соработуваш и си во коалиција со нив.

Сега г-дине Гошев Фондот должи 25 милиони марки. Вратен е стариот долг за над 75%. Тоа е голем аргумент и барам од вас овде да се извините, бидејќи ова се факти. Некој нешто што направил порано, а сега ако ви е ортак не треба да го амнестирате. Значи се работи некаде за 110 милиони марки долг, можеш да го преведеш и поинаку, украдени. Сега ние како ново раководство за две години успеавме да вратиме огромна сума, 85 милиони марки. Затоа по однос на Фондот за здравство сакам поинаку да се зборува, бидејќи вистината и аргументите се на сосема друга страна. Зборував, повторно кажувам, за Фондот за здравство.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има реплика г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Познато ми е дека претходната власт остави дефицит во Фондот за здравство и познато ми е дека и во минатиот систем, и во минатиот период имаше корупциски афери и дека корупцијата на Македонија е од поодамна. Се работи за интензитет за големини, за размери итн. Но, господо, кога дојдовте вие на власт требаше да утврдите, да направите анализа во тој Фонд и од каде е тој дефицит, зошто настанал тој дефицит, како работеле претходните таму. Сите инструменти ви се во раце и да ги фатите претходните крадци. Но, мене ми се чини дека наместо тој пристап да го имате, тргнавте во нова берба, ноќна берба по приходите на РМ и граѓаните и потоа џентлменски, ние вас не ве гоневме, вие нас не не гоните. Јас лично никого не сакам да заштита, никого. Но, не можам никого ни да обвинам, ако никој не излезе со конкретни докази, а ги има сите полуги на власта, а вие сега господо од власта, ги имате сите полуги. Повелете, утврдете што направиле другите пред вас. Утврдете и покренете ги сите судски процедури, да видиме кој е тој што претходно, или како работел.

Сега, после двеипол години, близу три години, да се бараат изговори за сегашниот лоповлук од невидени размери, за некој нешто што не работел рационално во изминатиот период, тоа не е никаков аргумент. Тоа е тенко алиби за кое не може никој да се сокрие. Никој. Ние имаме информации и за тендерите во здравството

и за набавката на лекови, затоа што ние живееме во Република со 25 или 26 иљјади км, која за два часа се поминува со автомобил од едниот до другиот крај и затоа што можеме да се сретнеме со сите регистрирани фирми во Македонија кои работат во таа област и не само од таа област. Со сите, и нема информација за начинот на добивањето на зделките што може да се сокрие. Може да се покрие со формална процедура која не може да биде на суд санкционирана, но не може да се сокрие постапката за тоа дали некоја зделка можеле да се набави со 50% поевтини цени, дали можела со 100% поевтини цени, дали имало поквалитетни и поздрави производи, за државата. Тоа не може да се сокрие. Тоа вие во Фондот требало да го утврдите за претходните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика има г-динот Делчо Ицков.

**ДЕЛЧЕ ИЦКОВ:**

По однос на бившите структури што беа во сојузот факт е дека се покрена постапка и постапката си тече. Но факт е дека ние во меѓувреме не можеме да го оставиме Фондот да не функционира.

По однос на оваа власт, најголем аргумент г-дине Гошев претставува, по однос на тоа што сега фрливте гнасни лаги, по однос на тоа дека имало малверзации околу тендери, јавни набавки итн., во Фондот за здравство зборувам, апсолутно не е точно. Што мислите, како успеа Фондот, зеде позајмица од некого 85 милиони марки, па сега должиме само 25 милиони марки, од тие 110 милиони марки? Не. Тоа е со еснавско работење. Тоа значи дека тендерите и јавните набавки во Фондот за здравство се спроведени најрегуларно. Тоа значи дека се остварени и приходи повеќе, што имаме издвојувано и враќано стари долгови. Тоа е тоа еснавско работење. Може да сфатите колку малверзации се случувале во минатото. Што значи да вратиш 85 милиони марки? Значи еснавско работење. Тоа е факт, а не само да дојдеш тука и да кажеш. Поголем аргумент од тоа дека од 110 милиони марки долг е намален на 25 милиони марки, незнам што треба да ти претставува репер, да го сфатиш тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Реплика за г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Тоа значи дека сте зеле многу повеќе пари од народот за исти или за полоши услуги. Прашајте ги луѓето, за исти или за полоши услуги дали денес плаќаат поскапо отколку вчера. Тоа значи тоа и ништо повеќе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам доста со тие реплики, расправајте се во.

**ДЕЛЧЕ ИЦКОВ:**

Г-дине Гошев, чувствувам да кажам дека апсолутно блага врска немате што зборувате. Исто како што се плаќаше и пред три години, се плаќа и сега. Ако не знаеш случајно да те потсетам дека по однос на партиципацијата сеуште не е воведена одлуката, бидејќи имаме некој спор. Важат старите правила, а важеа и до пред три месеци кога е донесена. Тоа значи реализација на Законот за здравство што требаше да се спроведе не е спроведен од икс причини и важат истите правила како и порано. Со истите правила тие резултати ги имаме. Со истите правила значи имаме заштедено 85 милиони марки и вратени се долгови кои ги направија твоите пријатели.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Бидејќи колегата Делче Ицков е член во тој Фонд и бидејќи он тврди дека е така, еве јас ќе му поверувам дека е така.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ.**

Секако дека расправата што се започна на тема здравство односно Фондот за здравство не е на дневен ред, меѓутоа е одлична идеа, одлична идеа за работата на Комисијата за здравство, еднаш овие небулози да се расчистат. Кога стигна претседателот на Фондот и новоизбраниот Фонд, по состав спротивно на Законот за здравствено осигурување, тоа е тема што треба во друга прилика да разговараме. Но, ме чуди кога претседателот Делче Ицков стигна 85 милиони марки да плати долгови од минатото.

Ова е тема господине претседателе на Комисијата за здравство за една од идните седници, а Фондот и Делчо да се спреми, да каже и да реферира пред Комисијата за здравство колку од тие 85 милиони долгови од минатото претставуваат технички бришани, едноставно административно бришани долгови на Фондот спрема услугите правени на Воената болница. Ве молам немојте овде да се расправате без присуство на лекарите, без присуство на здравството. Затоа, ја упатувам оваа тема да дојдете и вие и Гошев на Комисијата за здравство во присуство на компетентни луѓе да

расправаме на оваа тема колку биле долговите, како долговите Делчо и директорот на Фондот ги исплатија фантастично за толку кратко време 85 милиони и од кои средства. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави Златко Стојменов.

Колеги, една работа, говориме за акцизите.

Ако се зборува за здравството ќе ве вратам од говорница.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, токму во прилог на она што го кажува потпретседателот на Парламентот...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Говориме за акцизите и тоа е тема на расправа, а за друго дајте тема ќе разговараме. Ова не е на дневен ред. Ако говорите за акцизите, добро. А ако не, ќе ве прекинам.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи, како аргумент за акцизите се кажува одливот преку Фондот за здравство, приликата да се разговара и да се покаже дека дефицитот е исчистен за овие две години, дека го нема, како се трошат парите, ние дадовме на мнозинството на овој Парламент на минатата седница. Имено, баравме дополнување на дневниот ред да се зборува за состојбите во здравството, за трошењето на средствата во здравството и за она што министерот за здравство го нарече жабокречина. Тоа е чудно, да се трошат пари, да се зачувуваат пари од акцизите, од Буџетот во Фондот за здравство, а да се нарекува жабокречина или има некое недоразбирање меѓу Фондот за здравство и Министерството за здравство, па министерот за здравство не знае дека неговото здравство во државата не троши пари, штеди пари, и толку е во ред. Сметам дека воопшто не стои да се зборува на оваа тема кога се избегна од темата на минатата седница. Мнозинството можеше сите овие големи достигнувања во Фондот за здравство да ги покаже и да ги докаже, ако точката ја ставеше на дневен ред минатата седница и ние ќе зборувавме за сите овие аспекти. А, сега, да се уфрла без податоци, без присуство во Комисијата за здравство вакви податоци, а ние да имаме информации во Комисијата за здравство дека се зголемени платите за 30% во Фондот за здравство, што е трошење пари.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве опоменувам, да не ве исклучувам. Не е на дневен ред и толку.

Кога ќе дојде на дневен ред тогаш ќе расправаме.

Збор има Биљали Мерсел.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Имам процедурално. Госопдин потпретседателе, јас незнам дали ни недостасува најосновното искуство во водење на седницата, ние веќе половина час расправаме за здравствените прашања, а имаме просто тука дневен ред расправа по амандманот поднесен од господинот Гештаковски во однос на Законот за акцизите.

Јас искрено ве молам да се придржуваме кон дневниот ред. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Карангелески Радомир.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Во образложението од господинот Гештаковски на амандманот и одговорот на господинот министер Груевски има еден одговор секогаш присутен за слични работи кога бараме некои олеснувања за граѓаните, дали тоа се однесува на акцизи, дали тоа се однесува на Законот за додадена вредност, јас пред скоро една година го замолив министерот за финансии господинот Груевски ние како Собрание односно пратеници, со оглед дека ни престојат многу закони од сферата на финансиите поврзано со економски аспекти, како што е и овој денеска закон, да добиеме матрица за разговори помеѓу Владата на Република Македонија, односно Министерството за финансии со ММФ, за да знаеме дали сериозно тоа било во барањето или не и да не се јавува тој сомнеж кај сите пратеници дека постојано ни се кажува, еве ние сакавме тоа да го направиме квантификацијата на податоците, анализите покажуваа друга состојба која што може да ги релаксира, да кажеме оптоварувањата во оваа сфера, која што ќе се пренесе и на граѓаните, на сите граѓани на Република Македонија, меѓутоа, не притиска ММФ, Светска банка итн., а за тоа немаме валидни податоци и се доведуваме во една таква ситуација на сомнежи. Јас тогаш предложив, ќе го повторам предлогот би замолил министерот да ни даде барем груба матрица на оние работи што се ограничувачки фактор со термините до кога тие треба да важат за да ние не расправаме за нешто што е веќе договорено и ќе имаме претпоставувам сите и разбирање и секако

дека многу поефективно ќе се однесуваме при донесување на овие закони. Јас сега ќе потсетам дека ние некаде јуни месец после донесувањето на Законот за додадена вредност и првите резултати, значи бидејќи тој почна да функционира на 1 април минатата година, видовме со една анализа која што ја изнесовме во образложението на нашиот Предлог закон за измени и дополни на Законот за додадена вредност каде што предложивме во тој закон за измени и дополни да се намалат стапките, односно да имаме повластени стапки на неколку акцизни стоки меѓу кои деривативе беа во прв ред што беше многу значајно заради она што значи заблажување на стопанските текови особено во една ситуација кога сите стопански субјекти особено производствени се во една таква криза и она што значи земјоделието, понатаму земјоделска механизација и другите акцизни стоки со исклучок на преработки од тутун. Од тогаш до денеска тоа не е поставено на дневен ред и јас би искористил оваа прилика да го замолам министерот Груевски ако може со оглед на оние експликации односно наши квантификации каде што сметавме дека околу 13 милијарди денари ќе се јави вишокот на Буџетот од каде што можеше да се сервисираат овие работи кои што обратно ќе донесеа еден позитивен процес во однос на земјоделските и индустриското производство дали од тогаш е нешто направено во тој поглед, бидејќи тогаш јас прифатив, односно прифативме образложение на министерот дека веќе од септември ќе се разговара со Меѓународниот монетарен фонд за релаксирање на тие односи, особено што значат нафтените деривати и во тој контекст и другите акцизни стоки, а ние денеска зборуваме за еден амандман за патничките возила. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали друг бара збор?

Збор има министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Значи, не само што ги направивме сите можни анализи што сега денеска беа споменати и ги презентиравме и анализи какви се цените на возилата во соседството, во регионот и пошироко, не само што направивме сите можни анализи што ги споменавте и велам и повеќе од тоа, затоа што прашањето ни беше многу значајно и сеуште ни е многу значајно, туку отидовме до таму што шефот на мисијата на ММФ го однесовме во канцеларијата на увозниците на автомобили. Ценевме дека во финансии не постои толку голем експерт и познавач на возила како што тоа може да биде здружението на увозници на автомобили. Тие имаа едно 5 часа расправа со него, сите можни аргументи, верувајте ми што вие и јас ги знаеме и тие што не ги знаеме беа презентирани, ставени на маса, тоа беше една извонредна презентација, јас не бев, моите соработници беа на таа презентација и ми кажаа дека тоа било ретко добра презентација. И сеуште имаме отворено прашање по ова. Успеавме да поколебаме други структури, други луѓе во Фондот во ММФ. Значи веќе меѓу нив почна да се јавува некоја расправа, меѓутоа сеуште шефот на мисијата цврсто стои на ставот дека не доаѓа во обзир во овој момент менување на работите. Но, ви велам, сега имаме и нов проблем, а тоа е проблемот со намалените приходи и зголемените расходи за националната безбедност кои што како што вие споменавте ако се намали акцизата ќе се зголеми продажбата, истото тоа и јас го кажував, само тие не го земаат како аргумент. Апсолутно се сложувам со вас, да речеме дека намалувањето на давачките има еластичност и дека ќе ги зголеми приходите, затоа што ќе има повеќе, настрана негативната страна за трговскиот биланс, што е друга работа и за тоа што исто така се сложувам дека е точно. Меѓутоа, сакам да потенцирам дека едно од ретките прашања на кои што сме наишле на ѕид, буквално на ѕид,за многу работи сме биле во дискусии, или тие не убедиле, или ние сме ги убедиле, па се смениле работите или не се смениле, но овдека чувствував како да имавме дијалог на глуви и затоа работата дојде најпрвин до извршниот директор во ММФ, кој што на некој начин и нас не покрива, а сега дојде и до претседателот на ММФ и не би сакал и би било многу лошо ако Парламентот и Владата или Владата претходно презема чекори во погрешен правец, што тоа само може да ја влоши нашата позиција во овие преговори. Беше спомнато дека, мислам дека тоа е неправедно да се каже, Владата извршила реформи само во приходната страна на Буџетот, додека во расходната не извршила. Мислам дека не е така. Знаете дека овој јануари имаше група на измени на закони и група на економски мерки од економската политика со кои што извршивме големи намалувања на одредени даноци и царини. Персоналниот данок на доход го намаливме од 23 на 15 и од 27,35 на 18. Три многу важни, да речам делови од ДДВ или гранки како да ги кажам, земјоделството, становите и медицинскиот потрошен материјал исто така од високата отидоа на ниската ставка. Четири илјади царински тарифи се смалија,

се на се околу 180 милиони марки Буџетот се олесна, се откажа да речеме со намалување на овие ставки, со тоа што дадовме ветувања дека постои простор во Буџетот во јуни со ребалансот за уште 4,7 милијарди, ако се оди како што треба, има стенограми за тоа и може да се провери, ако се оди како што треба да се направи втора фаза на економски мерки. Се ценеше дека не е добро одеднаш се. Големи беа намалувањата и не е препорачливо одеднаш да се направат, а во случајов испадна дека тоа ни била доста среќна одлука, затоа што тие средства сега за не дај Боже ни дојдоа нели. Во тој момент се ценеше дека треба внимателно да се оди да не дојде до некои турбуленции, погрешни пресметки итн., итн., прва фаза која што од прилика ќе кажам паушално околу 60% од тоа што можевме како простор да го искористиме и втора фаза велам паушално околу 40% што требаше во јуни. Сега во јуни веќе се доведува под знак прашање целата таа операција односно би се одложила веројатно до 1 јануари од причина што тие средства за кои што требаше да интервенира Владата, очигледно е дека ќе бидат наменети за националната безбедност. Но, сакам да потенцирам дека имаше олеснување и тоа огромно и ќе има повторно. Ако состојбите со националната безбедност се смират и се остави повеќе простор на економската политика.

Она што уште би сакал да го кажам е дека, беше спомнато, не се врши контрола на буџетските расходи, со тоа не би се сложил. Надградбата на трезорскиот систем значи токму тоа. Ние сме доста длабоко навлезени, некое време имаше доста големи забелешки кон Министерството за финансии дури во овој Парламент дека преземаме драстични мерки, дека министерот сака да си ги зголеми многу овластувањата, дека сака да ги контролира другите министри. Такви забелешки имаше и на други места, не само во Парламентот, меѓутоа, тука се преземаа многу подрастични чекори во споредба со минатото и тоа е факт. Дојдовме во ситуација да кажеме, да речеме, меѓународните финансиски институции да ни забележат дека сме отишле премногу напред, дека тоа не е добро, бидејќи може буџетските корисници да го загубат темпото на промени. Затоа што, не е само да направиме промени, туку тие траба да се апсорбираат од илјадници буџетски корисници. И, дури ни рекоа да подзапреме, иако ние не тоа не го сакавме и нерадо одиме во тој правец, но ни остана уште една крупна фаза на воведување на совтверски систем за трезорски систем, што верувам дека во втората половина на годината ќе го направиме.

Исто така, минатата година прв пат беше воведена внатрешна ревизија, буџетска контрола. За жал, заради рестрикциите во вработувањата таму се само 5-6 луѓе и тие извршија голем дел на контроли, но неможат да ги направат сите. Извршени се големи контроли на општини итн., мислам дека Министерството што беше спомнато не беше опфатено, но работите се знатно променети, отколку минатото кога во една таква категорија буџетска контрола била само на хартија. Едноставно немало луѓе што работеле на таква проблематика. Сега, веќе пет-шест луѓе работат, а нашата идеа е, а и намера, да дојдеме до некоја поголема бројка.

Во врска со ова би сакал уште да напоменам. Не сакам да го поврзите ниту со случајот што деновиве се дискутира, бидејќи тој сеуште не е расчистен, и не сакам да дискутирам за нешто што не е до крај расчистено, ниту со било кој случај, но генерално сакам да кажам и мислам дека ќе се сложите со тоа. Уште пред 2000 години во Библијата било напишано дека не кради, не лажи, не прави прељуба, но 2000 години и повеќе луѓето тоа го прават се повеќе и повеќе софистицирано и почесто. Така што, ако некој нешто намисли да направи во било која влада, таа што во која што бил во оваа или во некоја друга, незнам какви мерки да се воведат и ако некој сака толку да ризикува може да направи нешто.

Уште еднаш потенцирам и ве молам да не се сфати ова во контекст на било какви афери што се актуелни.

Она што друго би сакал да напоменам е во правец на тоа дека олеснувањата и неолеснувањата дека имаме реформи само во приходниот дел, а не во расходниот дел, имаме едно од најниските ниво на учество на јавните расходи во бруто домашниот производ, тоа е 35% споредено со било која држава во централна и источна Европа. Да речеме, една Словенија нивото на учеството на јавните расходи во бруто домашниот производ, во општествениот производ е речиси 50%, а и другите исто имаат повисоко од нас. Значи, јавните расходи во вкупниот општествен производ имаат прилично ниско учество споредено со другите земји од централна и источна Европа.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:** (Продолжение)

Исто така по создавањето на суфицитот минатата година се овозможи и

со креирањето на Буџетот за оваа, а веројатно и за следната година се овозможува повеќе од трошоците да одат во капитални расходи значи инвестиции, а многу помалку да одат во материјални и слично. Значи, се дава повеќе акцент на инвестициите. Конечно, како резултат на сите овие работи и сите реформи и на приходната и на расходната страна, можат да кажам дека кредибилитетот на земјата, имиџот на земјата во меѓународните финансиски институции е зголемен. И не само во нив, туку и во оние кои даваат некои оценки итн. Да кажеме на листата на Јуромани уште пред три-четири месеци земјата направи еден скок за цели 30 и нешто места. Во ЕБРД минатата година знаете од нивниот годишен извештај дека 2000-тата година во извештајот на ЕБРД, Европската Банка за Обнова и Развој оценето е дека Македонија заедно со уште две други држави е на првото место по интензитетот на реформи во таа година.

Не би се согласил со таа констатација дека сме направиле реформи на приходната, а не на расходната страна. Тоа би било од прилика она што имам да го кажам како одговор на неколку реплики што ги имав, се надевам дека ќе ги уважите. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ви благодарам господине министер,

За збор се јави пратеникот Илија Иловски.

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Бидејќи се препознав во првиот дел од репликата, би сакал да му одговорам на министерот на некои прашања што ги нафрли сега.

Видете господине министер покрај сите уверливи податоци што ги пласирате пред нас и пред јавноста, сепак вие директно не одговоривте на она што ве запрашав. Вие кажавте дека сте направиле многу поисцрпни анализи од оние што ние ги бараме, меѓутоа, за жал, ниту една не добивме ниту на Комисијата за финансирање и Буџет сме добиле. Таа анализа се бараше во функција да се види колку процентот на намалување на акцизата на овој вид производи т.е. на автомобилите има директно пропорционална зависност за покачување на обемот на продажба и преку така зголемен обем на продажба преку наплатата на данокот на додадена вредност и царината се испеглаа давачките на годишно ниво.

На тоа прашање не ми одговоривте иако спомнавте дека сте направиле некои анализи.

Второ, не е аргумент ниту за пред нас, ниту за пред јавноста што господинот Банерџи сте го носеле кај импортерите и тие го убедувале. И јас имав брифинг со неколку импортери каде едни велеа слушај, нам ни е подобро сега бидејќи на повисока основица поголеми ми се маржите, бидејќи процентите како увозничка провизија си ги задржуваат и понатаму на повисока основица, другите викаат слушај, ако беше малку поинаку ние би го зголемиле обемот на продажба. Значи, различни се индивидуалните мислења. Што е битно за нас? Битно е да не убедите, а преку тоа, преку таа емпириска анализа да го убедите и ММФ дека со намалување или со укинување на овој вид давачка која директно правопропорционално би влијаела врз зголемениот обем на увоз на автомобили на продажба на домашниот пазар, нивото на годишни приходи по оваа позиција на Буџетот на некој начин би се задржала и би се зголемила на годишно ниво.

Мислам, ако тоа го постигнете, никој во ММФ нема да ва кара зошто сте го задржале истото ниво на приходи при ваков обем на продажба или би сте го зголемиле во крајна линија.

Второ, како што сами велите поради кризата што настана и поради послабиот процент на наплата на фискалните давачки и зголемената потреба, поготово во двата ресори Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи никому не би биле на одмет и зголемени приходи во Буџетот токму по оваа ставка.

Понатаму, она што транспарентно се фалите пред јавноста околу учеството на јавните расходи, јас се согласувам со вас дека кај нас учеството кај јавните расходи во бруто домашниот производ по структура се помали од овие високоразвиени земји од нас, меѓутоа, мора и тоа да го признаете дека од 1998 година наваму откако дојде оваа Влада учеството на јавните расходи во структурата на бруто домашниот производ има нагорен тренд и сеуште расте. Знаете ли зошто растат? Точно е, дека имате зголемена ефикасност на приходната страна поготово од денот на воведувањето на данокот на додадена вредност, бидејќи ако се направи една аналитика на Буџетот ќе се види точно зголемениот процент на наплата на данок на додадена вредност донесе до вкупно зголемени приходи во Буџетот и до натфрлање на планирани приходи, а од друга страна сведоци сме, токму деновиве,

иако сакате да ја избегнете таа тема, таа тема се наметнува како неминовна дека навистина "капом и шаком се троши" кој како ќе стигне. Дури имате изјава од главниот актер во последната афера од министерот за одбрана дека ако ги врати тие три милиони марки кај Груевски вели ќе ми пропаднеа. Замислете. Значи, дедо му е посигурен од вас чувар на парите на државата. Тоа не можеме да го сфатиме и преку тоа се правда дека на таа расходна страна или Буџетот како да е на албанската држава или бугарската држава или на грчката држава. Нека не е тоа наш Буџет, нека не се пари од народот, таму биле посигурни каде ги затскрил за да ве изманипулира вас, па од Нова година да градел некакви си станови.

Мислам дека се расправаме за една палијативна мерка што треба да ја преземете, бидејќи имавте храброст и доблест точно да извршите намалување на одредени фискалитети во државата иако царината, како што самите велите во намалувањето на Законот за царинска тарифа, кога го разгледувавме, просечната непондирана царинска стапка ја намаливте есеноска за 0,75%. Значи, ни еден процент немаме намалување на царинските давачки на сите позиции од Законот за царинска тарифа кој беше толку медиумски експлоатиран пред јавноста, еве државата што прави во функција на релаксација на стопанството.

Понатаму, се сеќавам од теоријата на трошоци, уште како студент учевме следното дека солта за јадењето што се соли е најеклатантен пример за нефлексибилна побарувачка на еден производ. Што значи преведено на народен јазик ако ви поскапи солта не значи дека нема да купувате сол да го посолите јадењето. Или ако поевтини ќе ставате повеќе сол отколку ви треба. Автомобилот е еден од најеклатантните примери за флексибилна побарувачка која директно правопропорционално влијае цената на обемот на продажба на автомобили. Затоа сум цврсто убеден и стојам на она становиште дека, доколку ја укинеме оваа давачка, на страна од тоа, не сум правник ова што Гештаковски говореше дека не е ни формално - правно издржано како дупла давачка на еден ист производ пред Уставно правната комисија на Парламентот, значи, ако ја укинеме оваа давачка убеден сум дека преку зголемениот обем на продажба на автомобили на домашниот пазар, давачките пресметани во вид на данок на додадена вредност и царина која и натаму си останува онаква каква што е, мислам дека би ја испеглале сета она разлика од која се плашите дека како дефицит би се јавило во Буџетот на крајот на фискалната година. Затоа мислам дека докрај не не убедивте да гласаме против овој амандман што е поднесен од Законодавно - првната комисија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ќе бидам краток, не сакам да се претвори во некоја теоретска дебата, само би сакал да напоменам точно е дека расходите растат, но растат номинално, додека во однос на бруто домашниот производ не растат. Значи, расте и бруто домашниот производ, штом не доаѓа до растење на јавната потрошувачка и таа е, ќе повторам, една од најниските меѓу земјите од источна Европа. Би било палиативно само да се каже дека растат расходите, а да не се земе во предвид односот на расходите со бруто домашниот производ.

Не би сакал за другите, ќе се апстрахирам, можеме во друга прилика. Особено што на некој начин беа повторувања на сето она што го продискутиравме како првите реплики.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Една мала реплика до министерот за финансии, односно кратка дискусија. Ако во 1998 година Буџетот беше 45 милијарди денари, а во 1999 година 56 или 57 милијарди, а во 2000-тата година 61 милијарди денари, а растот на бруто домашниот производ бил 2,7%, ве молам кажете ми го односот дека имаме намалување на потрошувачката во Република Македонија. Апсолутно нема никакви аргументи за тоа и ве молам, битно е, кога веќе се земаат пари од граѓаните, треба да се води сметка за потрошувачката каде одат тие пари, каде се трошат нашите пари, стално рекламирате, давате пари за реклами, меѓутоа, треба да кажете каде се трошат тие пари. Благодарам.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ова може да се објасни ако се видат податоците за процентот на учество на јавните расходи во бруто домашниот производ. Вие веројатно не ја земате во предвид инфлацијата. Имаше инфлација во меѓувреме. Минатата година стапката беше 5,8%.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам, дали знаете дека 40% е зголемена приходната и расходната страна на Буџетот во однос на 1998 година. Растот на бруто домашниот производ е 2,7%, да ви прифатам дека инфлацијата е 5%. Па, каде ги наоѓате односите за да кажете дека имаме намалување на јавната потрошувачка во однос на бруто домашниот производ?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сепак, вие земате само една година расход, 1998 година беше 2,9%, 1999 година беше 2,7% и ја заборавивте 2000 година, беше 5,1%. Тука е одговорот што го очекувате. Сето друго понатаму треба да се седне и да се прави математика за да се објасни работата. Вака повеќе не може да се дискутира.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Ваквите прашања во вид на наставен процес, во вид на прашањето на студентите и професорите се знае каде не водат. Безбројни прашања можат да поставуваат студентите, па професорите така да одговараат бескрајно, предлагам да прекинеме, овде често пати се случува да се интервенира процедурално во однос на темата кога пратеникот не се придржува на темата. Јас сум на мислење дека министерот не мора да дава одговор на секое поставено прашање оти го има мнозинството, па не мора цел ден да го образлага прифаќањето или неприфаќањето на амандманот. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Се јавува Чифлиганец за дискусија, а процедурално немаше ништо што треба да следи, па само да ме поучувате.

Повелете г-дине Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Давам предност на г-динот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Имам само кратка интервенција на излагањето на колегата Билал Љутфии. Мислам дека не е во ред, веќе подолго време се знае каков карактер имаат расправите во Собранието и на Република Македонија и мислам дека сите членови на Владата се должни да одговараат на одредени прашања кои ќе бидат поставувани од страна на пратениците.

Мислам, за среќа, г-динот Никола Груевски не личи како г-динот Џевдет Насуфи. Само толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас би ве замолил да не се навредуваме еден со друг.

Збор има г-динот Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Ја прифаќам идеата на колегата Билал Љутфии пратеник од власта, од парламентарното мнозинство, да се одложи оваа седница односно детално добро да се подготви г-динот Груевски, министер за финансии на сите поставени прашања посебно од пратениците од опозицијата конкретно да одговори. Колку што имав прилика оваа вечер ние немавме можност г-динот Груевски конкретно да одговори на поставените прашања од страна на пратениците од опозицијата. Затоа мислам дека колегата Љутфии е во право, а посебно што сака тој да го претстави како студенти и професори да се разговара, тоа било секогаш овде во Парламентот кога се разговара за прашања од поголем број граѓани на Република Македонија, не е прифатливо и сака бегло да се одбие.

Затоа мислам г-дине Груевски, вие треба доблесно сега да настапите оваа вечер, да кажете за сите конкретни прашања во текот на утрешниот ден кога ќе продолжи седницата да ни се одговори. Не е добро прашањето што е на дневен ред да помине без да се одговори конкретно на многу поставени прашања кои имаат животна егзистенција за голем број граѓани на Република Македонија. Затоа, еве и јас апелирам ова прашање да се одложи во текот на утрешниот или друг ден, бидејќи бараме конкретно да се одговори на нашите прашања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали друг се јавува за збор? (Не).

Бидејќи нема повеќе дискутанти, амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 78, вкупно гласале 75, од кои 35 за, 7 воздржани и 33 против.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Продолжуваме со работа.

(Негодување од страна на пратениците бараат да се прекине седницата).

Ве молам, да завршиме со ова.

Отворам претрес по амандманот.

(Еден од пратениците бара процедурално).

Немате што да работите, па барате процедурално.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 64, поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека овој амандман е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 82 пратеници, гласале вкупно 80, од кои 61 за, 12 воздржани и против гласале 7 пратеника.

Констатирам дека Собранието го донесе предложениот закон.

Колеги, остана уште еден.

(Негодување од страна на пратениците).

Дозволете, бидејќи има најавено и други амандмани, продолжуваме утре во 11,00 часот.

Притиснете на едно од копчињата да утврдиме присутност.

(Седницата прекина со работа во 19,10 часот).